**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр.03-1431/1

Скопје 15.03.2019г.

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Предмет: Петти седмичен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува петтиот седмичен извештај за периодот од 8 до 14 март 2019 година.

Во оваа седмица, Агенцијата одговори на претставка од г-ѓа Марија Башеска-Стојановска, претседателка на Асоцијацијата на толкувачи на македонски знаковен јазик и новинарка во МРТ која се однесуваше на појаснување на дилемите во пресрет на Претседателските избори во врска со ангажирањето на толкувачите на знаковен јазик во двојна улога – како толкувачи ангажирани од страна на организатори на политички кампањи и истовремено како толкувачи/новинари во рамките на програмите на радиодифузерите.

Имајќи ги предвид:

- Јавниот интерес за обезбедување и проширување на достапноста на програмите на радиодифузерите за лицата со сетилна попреченост,
- Барањето – лицата со оштетен слух да имаат еднакво право и можност да се запознаат со програмите и ветувањата на учесниците во изборните процеси – што произлегува од Конвенцијата за правата на лицата со сетилна попреченост,
- Како и забелешката на Башеска-Стојановска за ограничениот број сертифицирани толкувачи на знаковен јазик,

Ставот на Агенцијата беше дека забраната од членот 75-в на Изборниот законик не се однесува на толкувачите на знаковниот јазик, во случаите кога учествуваат во предизборни активности на учесници во изборна кампања во својство на преведувачи на знаковен јазик на исказите на учесниците.

На 14 март, Агенцијата го објави првиот извештај од мониторингот на медиумското известување за Претседателските избори 2019 година, којшто се однесува на периодот од 9 февруари до 6 март 2019 година. Во извештајот е анализирана 24-часовната програма на телевизиските и радио каналите на Јавниот радиодифузен сервис на македонски и на албански јазик и на 11 телевизии на државно ниво.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**По овластување на директорот**

................................................

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**